# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”** <br> **Излегува по потреба** | **12 Јуни. 2008 год.** <br> **Скопје** <br> **Бр. 8 Год. III** |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни
работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ;
02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


## Содржина:


1. **Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлука за утврдување на ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ 1, Општина Ѓорче Петров ............................................1 стр.**

2. **СООПШТЕНИЕ за организирање на Јавна презентација и Јавна Анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ 1, Општина Ѓорче Петров................................................2 стр.**

3. **Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година......4 стр.**

4. **Доделување на финансиски средства на Црквата *Св.Петар и Павле* како помош за реконструкција на камбанаријата.................................................................................................6 стр.**


**Скопје, Јуни 2008 година**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. Весник на РМ " бр. 51/05 и 137/07), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев",УБ1 Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев",УБ1,** утврдена од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавното гласило **„Утрински Весникее** и веб сајтот на Општината **њњњ.опстинагпетров.гов.мк**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае **15 работни денови** од денот на објавувањето на Соопштението во јавното гласило од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план за дел од УЗ"Даме Груев",УБ1** , Општина Ѓорче Петров, ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З." Даме Груев" - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки,предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во " Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08 - 1357/1**
**06.06.2008 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 51/05 и 137/07) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното

**С ОО П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Планот дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање

Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот на Деталниот урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев" УБ1, Општина Ѓорче Петров** ,што ги опфаќа следните граници на урбан опфат:

- на југозапад и југ: ул."Лука Геров"
- на североисток: ул."Шарпланинска"
- на северозапад: ул."Николај Островски"
- на југоисток:крак на ул."Лепенец" и ул."Лепенец"

утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров(вСлужбен Гласник на Општина Ѓорче Петровг број 7/08).

**Големината на планскиот опфат изнесува 24,23 ха.**

Нацртот на Деталниот урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев" УБ1, ќе биде изложен во просториите на урбана заедница "Даме Груев", во период од **15 работни дена** од денот на објавувањето на ова Соопштение,во "Утрински весник", **секој работен ден од 9.00 - 12.00ч и од 16.00-20.00ч.**

**Јавната презентација ќе се одржи на 16.06.2008 во 17.00 ч. во просториите на УЗ "Даме Груев".**

Анкетните листови за учество во јавната анкета ќе можат да се подигнат во УЗ "Даме Груев".

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08 -1357/2**
**од о6.о6.2008 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумдесеттата Седница на Советот, одржана на ден 11.06.2008 година.

**Број 08- 1417/1**
**од 12.06.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година - донација за реконструкција на камбанарија во Црквата Св.Петар и Павле**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година - донација за реконструкција на камбанарија во Црквата Св.Петар и Павле, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумдесеттата Седница на Советот, одржана на ден 11.06.2008 година.

**Број 08- 1417/2**
**од 12.06.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина на Ѓорче Петров за 2008 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.11/2007) и Барањето бр. 05-1320/1 од 03.06.2008 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 80-тата Седница одржана на ден 11.06.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година - донација за реконструкција на камбанарија во Црквата Св.Петар и Павле**

1. На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година - Програм ДО Градоначалник, позиција 413110 - тековна резерва, на Црквата *Св. Петар и Павле* во Ѓорче Петров, и се одобрува износ од 300.000,00 денари, како донација за реконструкција на камбанаријата.

2. Средствата да се уплатат на име М.П.Ц.-Св.ап.Петар и Павле - Комерцијална Банка а.д.-Скопје, жиро сметка број 300000001341643.

3. Се задолжува Одделението за финансирање и Буџет за извршување на Одлуката.

4. Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1370/4**
**од 11.06.2008 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Ангелковски с.р.**